Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 29 став 2 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за дополнување на Одлуката за условите и висината на износот на ефективни домашни пари, чекови и монетарно злато кои можат да се внесуваат во или изнесуваат од Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/18)

1. Во Одлуката за условите и висината на износот на ефективни домашни пари, чекови и монетарно злато кои можат да се внесуваат во или изнесуваат од Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/07), во точка 5 став 1 алинеја 2, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додава нова алинеја 3 којашто гласи:

„- ефективни домашни пари коишто физички или хемиски се уништуваат во странство.“

2. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О бр.02-15/XV-1/2018**
**27 септември 2018 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**